Совет на Општина Делчево
Број 09- 2170/2
28.10.2022 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 15.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 28.10.2022 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почесток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево, кој за 15.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 14. Седница

1. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на ЈКП „Брегалница“-Делчево возило за компактирање со задно полнење ИВЕКО;
2. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на ЈКП „Брегалница“-Делчево метални контејнери за резидуален отпад;

   Образлагач: Ана Ситновска-Димитровска-Советник одговорен сметководител во Општина Делчево.
3. Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за воспитната 2021/2022 со Заклучок за усвојување;
4. Годишна Програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2022/2023 година со Заклучок за усвојување;

   Образлагач: Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.
5. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето;
6. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;
7. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија;
8. Предлог-Одлука Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето;

   Образлагач: Ванчо Новоселски-Советник за образование и култура.
9. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Којче Илиевски;
10. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драган Стојковски;
11. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Перо Лазаровски;
12. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Стојан Стојчевски;

13. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Ката Китановска;
14. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Ката Китановска;
15. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект –помошен објект зграда бр.1 по барање на Жикица Јовановски;
16. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект –помошен објект зграда бр.2 по барање на Жикица Јовановски;
17. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Јордан Воинов;

Образлагач: Андријана Соколовска- помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

18. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

Образлагач: Анка Христова-Раководител на Одделение за финансии, буџет и администрирање на даноци.

19. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на КК „Патриот 2016“-Делчево;
20. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Ванчо Илиевски од Делчево;
21. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Витора Трајановска од с.Вирче;

Образлагач: Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.

22. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата предлага дневниот ред да се дополни со точка за актуелната состојба во ЈКП „Брегалница“ со неисплатената плата на вработените заклучно со 27.10.2022 година. Ситуацијата во ЈКП е алармантна, таму има вработено 80 лица на кои им е загрозена егзистенцијата, а исто така и услугите кои ги испорачува ЈКП се на многу ниско ниво и покрај тоа што постојано се покачуваат цените на нивните услуги. Смеам дека на седница на Советот на Општината, треба да се дебатира за состојбата со ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Реплика на дискусијата на Иван Гоцевски имаше К.Тренчевски кој рече дека неговата забелешка е во ред, но денеска на таа седница дневниот ред не може да се дополни со тој предлог бидејќи нема конкретна точка и нема изготвено материјали, а исто така на седницата не е присутен и директорот на ЈКП „Брегалница“, рече тој.

Контра реплика имаше Иван Гоцевски и рече дека ако се обезбеди директорот на ЈКП „Брегалница“ треба да се дискутира. И Советот и Општината мора да изнајдат начин да се помогне на тоа претпријатие.

Претседателот на Советот рече дека директорот не е тука за да ја презентира вистинската состојба во ЈКП, а Советот не можа да дебатира врз основа на шпекулации и чаршиски муабети, за дебата и за да биде ставена точка на дневен ред, мора да има точни информации, мора да има изготевно материјали и мора да има образлагач. Во спротивно ќе направиме циркуз од Советот. Инаку, во текот на вчерашниот ден, до мене како претседател на Советот, беше доставен еден допис од директорот на ЈКП „Брегалница“ кој е насловен до Советничката група на ВМРО ДПМНЕ

со кој меѓу другото ме известуваат дека платата за септември била исплатена, во текот на вчерашниот ден, т.е. на 27.10.2022 година, рече Г.Попов.

Иван Гоцевски рече дека согласно законот платата треба да биде исплатена најдоцна до 15 во месецот, а не на крајот на месецот за претходниот месец.

Кирил Тренчевски рече дека го поддржува предлогот на Иван Гоцевски, но за него да се разговара на точката прашања и предлози на членови на Совет.

Сашко Ивановски побара дневниот ред да се дополни со 2 точки:Разгледување на состојбата со уличното осветлување и Одлука за намалување на цената за улично осветлување. Тој ги образложи своите предлози со тоа што веќе извесно време и има рестрикција на уличното осветлување од 2 часа и повеќе, а граѓаните плаќаат такса од 184 денари. Оваа такса ја плаќаат околу 4000 домаќинства и по тој основ во општинскиот буџет месечно се собираат околу 12.000 евра. Според член 2, став 2 од Законот за комунални такси:„ 2) Висината на комуналните такси од ставот (1) на овој член, во рамките утврдени со Тарифата, со одлука ја утврдува советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје. Со тие средства од 184 денари граѓаните плаќаат користење и одржување на јавно осветлување, а според член 7 од истиот закон-обврската за плаќање на комунална такса настанува во моментот на користењето на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање на такса.Сметам дека не е во ред граѓаните да плаќаат за улично осветлување 184 денари бидејќи не ја добиваат комплетната услуга и сметам дека треба да има корекција на таа сума, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека советникот оваој предлог за дополнување бна дневниот ред го доставува по вторпат како итна точка ама нема доставено писмено барање до претседателот или иницијатива како што пропишува Деловникот. Не е коректно тоа, Вие во моментот сте се подготвувале за ова, цитирате членови од Законот за комунална такса, а сите други советници се затечени затоа што не се подготвувале за тоа. Без барања, без материјали, како да се стави точка на дневен ред? Од минатата седница до денес сте имале време 1 месец да доставите барање како што треба, да се подготви одлука ако треба, да се достави тоа до сите советници и сега да се дебатира, не може така. Сите сакаме да дебатираме ама не си го почитуваме Деловникот, Статутот, Законот за локална самоуправа. На секоја седница се случува исто, мора да се запази процедурата и постапката, ова е Совет, мора да бидеме посериозни.

Кире Тренчевски рече дека рестрикција има и во други општини, не само во Делчево. Инаку сумата не ебаш 3 евра од домаќинство како што истакнал советникот С.Ивановски. Ако се гледа приходнаата страна, треба да се гледа и расхпдната страна. Колку од тие средства се потребни за замена на уличните светилки, колку за поставување на нов кабел и слично.

Процедурално реагираше Иван Гоцевски кој рече за уличното осветлување и рестрикцијата на истото имал поставено и советничко прашање на кое се уште нам добиено одговор, советничкото прашање го има наведено и во записникот од 14.седница. Доколку сссум добил одговор на советничкото прашање, ситуацијата сега ќе беше поинаква. Прашање до претседателот на Советот: Зошто не добиваме одговор на нашите советнички прашања, праша Иван Гоцевски?

Претседателот на Советот рече дека тој како претседател на Совет, како што и ветил на претходната седница, направил допис до градоначалникот, секретарот и раководителите на секторите во Општина Делчево и во прилог им го доставил Деловникот. Во дописот било потенцирано дека градоначалникот, секретарот и сите во општинската администрација имат обврска кон советниците согласно Деловникот во смисла да даваат одговори на советнички прашања, да им овозможат увид во некоја дополнителна документација доколку им е потребна во нивната работа и слично. Јас сум постапил, сум укажал досега 2-3 пати на некои работи, врз основа на тоа што ми го дозволуваат Законот, Статутот и Деловникот. Што се однесува конкретно

на процедуралната забелешка од Иван Гоцевски, тој рече и самиот нема добиено одговор на некои советнички прашања поставени уште пред 9 месеци.

Зекир Абдулов рече дека досега Советот неколку пати дебатирал за односот на општинската администрација кон Советот и обврската да се одговараат советничките прашања. На една седница самиот претседател на Советот рекол дека ќе се одговараат советнички прашања на посебна седница, исклучиво за советнички прашања на која ќе присуствуваат сите раководители и директори на локално ниво.. Еве, досега ова не енаправено, и денес како последна точка е-прашања и предлози. Дајте еднаш засекогаш да го разрешиме тоа, да се свика посебна седница за прашања и предлози, да бидат присутни сите и да се погледнеме во очи, ние да поставуваме прашања, а тие да ни одговараат јавно на самата седница. Во врска со предлогот на С.Ивановски за уличното осветлување, висината на таксата, вкупните приходи  расходи по тој основ, јас немам податоци и не можам да дискутирам и не верувам дека освен Вас, има некој од другите советници, рече З.Абдулов.

Сашко Ивановски рече дека благодарение на политиките што ги воделе некои претходни локални власти Делчево денес има улично осветлување со штедливи светилки.Тој  смета дека по тој основ во општинскиот буџет се прибираат доволно средства уличното осветлување да се одржува, а граѓаните да добиваат квалитетна услуга за  која плаќаат.Со неусвојувањето на нашите предлози, со немањето сенс за проблемите на граѓаните ние како Совет го губиме кредибилитетот. На 2-3 седници само дискитираме за уличното осветлување без ништо конкретно, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека секој советник има право да бара на дневен ред да се стават некои точки од надлежност на Советот ама тоа мора да биде согласно постапката која е пропишана во Деловникот. Ако нешто е толку итно како што шпо потенцира советникот, зошто во периодот меѓу двете седници не доставил иницијатива или писмено барање преку архивата на општината за да има време, доколку треба, да се подготват материјали, да се достават до сите советници. Што се однесува до посебна седница за советнички прашања, во ред е, да се договориме, да изгласаме и тоа е.

Процедурална забелешка имаше Иван Гоцевки ирече дека предлозите што ги даваат советниците не се секогаш нивни, повеќето се предлози или прашања од граѓаните со кои советниците секојдневно се среќаваат и контактираат. Предлогот за посебна седница за советнички прашања е во ред, и ние како советничка група на ВМРО ДПМНЕ би го поддржале, рече Иван Гоцевски.

Процедурално реагиреше и Дејан Георгиевски кој рече дека советниците се оддалечуваат од дневниот ред, истото се случува на секоја седница, зошто нема одговор на советничките прашања, како да се дополни дневниот ред со некоја точка и слично. Да дискутираме сите по дневниот ред и да не се оддалечуваме од Деловникот и од дневниот ред, рече тој.

Сашко Ивановски рече дека сетоа тоа е по дневниот ред и е согласно Деловникот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред ставен на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“  и 6 „ПРОТИВ“ дневниот ред за 15.седница беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 15.седница на Советот на Општина Делчево.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со  15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 14.седница.

**Прва точка-Предлог-Одлука за давање на трајно користење на ЈКП „Брегалница“-Делчево возило за компактирање со задно полнење ИВЕКО;**

Образложение по точката поднесе Ана С.Димитровска која истакна дека ќе даде единствено образложение по двете точки, а потоа Советот ќе расправа поодделно и за двете. Таа рече дека врз основа на склучен Договор помеѓу Министерството за финансии и Општина Делчево, Општина Делчево му преотстапува на ЈКП „Брегалница" Делчево 2 недвижни ствари и тоа: возило за компактирање со задно полнење ИВЕКО и 169 метални контејнери за резидуален отпад . Вредноста на возилото е 5.168.305, на контејнерите 2.549.260, а вкупната сума е 7.717.565. Станува збор за - Марка ИВЕКО, Тип Дејли 70C18HWX;

- број на мотор F1CFL4117;
-број на шасија ZN3D070D109041970;
- со регистарска ознака DE5584AB;
-година на производство 2020;
-Боја:бела;
-Капацитет:4м3 со погон на сите тркала

Согласно член 4 од Договорот ЈКП „Брегалница"-Делчево (примател) има обврска:
-Да го користи возилото од член 1 на оваа одлука исклучиво за намената;
-Да го внесе во евиденцијата на средствата и сметководствената евиденција;
-Да го чува и одржува согласно утврдените законски норми;
-Да постапува со возилото согласно законските норми.
Претседателот отвори расправа по оваа точка. За збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали ЈКП „Брегалница" има било каква финансиска обврска во врска со возилото бидејќи и така се во лоша финансиска состојба.

Ана С.Димитровска рече дека давањњето на трајно користење е без надомест, единствени обврски на ЈКП се Да го користи возилото од член 1 на оваа одлука исклучиво за намената, да го внесе во евиденцијата на средствата и сметководствената евиденција,да го чува и одржува согласно утврдените законски норми, и да постапува со возилото согласно законските норми.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а одлуката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на ЈКП „Брегалница"-Делчево возило за компактирање со задно полнење ИВЕКО.

Беше отворена расправа и по втората точка-Предлог-**Одлука за давање на трајно користење на ЈКП „Брегалница"-Делчево метални контејнери за резидуален отпад**;

Оливера Ташевска праша дали образлагачот знае каде ќе бидат распоредени овие метални контејнери?

Ана С.Димитровска рече дека нема точни информации на кои локации, знае само дека ќе има контјнери и во градот и во руралните средини.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, распарава беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на ЈКП „Брегалница"-Делчево метални контејнери за резидуален отпад;

**Трета точка-Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за воспитната 2021/2022 со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе Билјана Симовска која рече дека Годишниот извештај за работа на градинката, претставува законска и статутарна обврска на градинката и ја презентира состојбата во врска со организацијата и реализацијата на целокупната дејност во детската градинка како организиран вид за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст. Годишниот извештај за работа е од јавен карактер и е изготвен согласно тезите поставени од Министерство за Труд и Социјална Политика - Сектор за заштита на децата.

Целите и задачите кои беа поставени со Годишната програма за работа на градинката во смисла на создавање и обезбедување на оптимални услови за успешно згрижување и воспитување во воспитната 2021/2022 година, беа целосно реализирани како во квантитативна така и во квалитативна смисла. ОЈУДГ,,Весели Цветови,,својата работа како дел од целокупниот воспитно-образован систем на Република Северна Македонија ја реализирала одговорно и совесно преку соодветно планирање, програмирање, евалуирање и евидентирање на истата,како и преку организирано дејствување во кризни состојби поради затварање на градинката,нејзино повторно отварање и работа согласно протоколи за заштита од КОВИД19.Годишниот извештај на градинката исто така овозможува сумирање на позитивните резултати од секојдневната работа  како и согледување на одредени слабости, со цел подобрување на: соработката со семејството и пошироката локална средина, здобивање со нови знаења, вештини и навики, развивање кај децата и вработените свест за општествена одговорност и активно вклучување во општествениот живот, развивање смисла за прифаќање, доживување и вреднување естетски вредности, изградување на хумани односи меѓу половите и правилен однос спрема животната средина и др.Воспитно - образовната и згрижувачка дејност на ОЈУДГ ,,Весели Цветови,, Делчево како дел од севкупниот виспитно - образовен процес во текот на 2021/2022 година, се реализираше преку соодветно планирање, програмирање,евидентирање и евалуирање на работата на установата.Својата работа градинката ја засноваше на почитување на законските, статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошко - психолошки сознанија.Основната Дејност-згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализираше преку: згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско - рекреативни , културно забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот , емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 9 месечна до 6 годишна возраст, односно до вклучување во основно образование. За таа цел во текот на изминатата година, се користеа Основите на Програмата за воспитно - образовна работа со децата од предучилишна возраст во установата донесена од МТСП на Република Северна Македонија и се продолжи со имплементација на документот Стандарди за рано учење и развој на деца од 0 до 6 години.Холистичкиот пристап на кој се базира развојот и учењето на детето до предучилишна возраст се однесува на обезбедување на безбедна и сигурна околина за учење и развој, зајакнување на развојната подготвеност за училиште, како и формирање на правилни навики за заштита на здравјето на детето. На крајот од своето образложение директорката истакна декасоветниците можат да постават прашања доколку ги има.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша што се случува со објектот на детската градинка во с.Разловци бидејќи истиот не работи, што се случува со луѓето кои таму работеле и колку плата земале за нивната работа?

Директорката на градинката рече дека таа на претходна седница ѝ одговорила на советничката дека детската градинка во с.Разловци не работи бидејќи нема доволен број на деца. Таму биле ангажирани 2 лица една негувателка и 1 помошно-техничко лице кои веќе биле вработени во градинката. Во врска со прашањето за нивната плата, таа истакна дека и двете лица имаат потпишано Договор за работа во детската градинка и дека според неа такви податоци не треба да се споделуваат јавно, а доколку советничката инсистира на одговор, нека достави барање до детската градинка за информација од јавен каректер, па доколку по законот треба и може да се одговори, ќе биде доставен одговор.

Олиевра Ташевска рече дека тие како советничка група предлагале да се ослободат родителите на децата од плаќање надоместок за престој и доколку бил прифатен предлогот можеби ќе имало доволно деца.

Претседателот на Советот рече дека ситуацијата е јасна-штом нема деца, нема нити вработени во градинката во с. Разловци и апелираше да се дискутира по точката на дневен ред-извештајот.

Билјана Симовска рече дека не сака да навлегува во бројот на децата и материјалната состојба на нивните родители, конкретно за ослободување од плаќање на надоместокот си постои Правилник и се знае во кои случаи се ослободуваат родителите на децата од плаќање надоместок, ние како градинка сме должни да го почитуваме тој и другите правилници и законските одредби, рече директорката на градинката.

За збор с ејави Иван Гоцевски кој рече дека има неколку прашања до директорката

1.За кои договорни услуги потрошивте 926.271 денари од самофинансиурачките активности во 2021 година за сите 4 квартали, а 1.246.556 од тековната 2022 само за два квартали заклучно со 30.06.2022 година? Имате значително зголемување на оваа ставка во споредба со фискалната 2021 година и затоа барам од Вас да ми се достави целокупната документација врз основа на која се исплатени овие парични средства (од парите на граѓаните на општина Делчево кои плаќаат за згрижување на своте деца), за цела 2021 година и за 2022 година заклучно со 30.06.2022 година?

Директорката рече дека советникот овие информации ќе ги добие доколку законот дозволува. Инаку дел од тие средства се за договорни услуги за лица кои се ангажираат дополнително, Вие знаете дека донесовте одлуки за согласност за формирање групи со поголем број на деца бидејќи 25, 27 па и 30 дечиња не може еден неговател.

Иван Гоцевски рече дека тој побарал конкретни одговори.

Процедурално реагираше Кирил Тренчевски кој рече дека треба да се дискутира по Извештајот, а сите прашања и предлози на крајот на седницата под точката прашања и предлози.

Забелешката беше прифатена и од претседателот на Советот и од советникот Иван Гоцевски.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за воспитната 2021/2022.

**Четврта точка-Годишна Програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2022/2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката даде Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече дека Програмата на ОЈУДГ„Весели Цветови“ - Делчево се изготвува во согласност со Законот за заштита на децата на Република Северна Македонија, Статутот на установата, Програмата за рано учење и развој базирана врз Стандардите за рано учење и развој, донесена од Министерството за труд и социјална политика како и програмата за еколошка едукација на децата од предучилишна возраст и врз основа на развојниот план на установата.Во оваа воспитна 2022/2023 година ОЈУДГ „Весели Цветови“ својата дејност ќе ја врши во 14 воспитни групи со 340 деца. Во објект број 2 вкупно 318 деца. Во Објект број 1 поради незавршената соодветна адаптација на просторот ќе бидат згрижени 22 дечиња во една група на возраст од 5-6 години. Во с.Разловци до периодот на изготвување на програмата немаше ниту едно дете пријавено за престој во градинка но доколку се појави интерес истата че биде отворена. Градинката денес е препознатлива по своите активности кои ги реализира во рамките

на Општината и претставува важна-основна алка во синџирот на воспитно образовниот систем на децата, што пак е причина повеќе за зголемена заинтересираност за запишување на децата во неа.Тоа секако создава чувство на задоволство кај вработените во неа заради укажаната доверба од родителите, но и мотив за уште поголем ангажман за изнаоѓање модели и начини за поголем опфат на децата во градинка со една цел -изградба на нов објект на градинка во состав на постоечката но на нова локација.Постапката е во тек и наскоро се очекува тендерска постапка за градба од МТСП и веднаш потоа отпочнување со градежни работи.За развој на личноста на детето талентот, менталните, креативните, физичките и други способности, подготвување за самостоен и одговорен живот во установата се обезбедуваат и активности од областа на еколошката и здравствената едукација на децата и почит кон природните убавини и богатства, работни активности во сообразност со возраста и можностите на децата, едукативни активности за одржување на личната и општата хигиена, едукација за безбедно живеење и правилно однесување во секојдневното живеење, стекнување социјални вештини, едукација за почит кон различностите и мултилултурализмот, едукација за одгледување на овошни и зеленчукови растенија и користење здрава храна, едукација за почит на традицијата, обичаите и културното наследство, нивно продолжување, на децата до шест годишна возраст, односно до вклучување во основното образование. Сите активности се организираат во рамките на градинката и надвор од неа со безброј посети, прошетки, екскурзии, заеднички средби, едукативни предавања и работилници од страна на стручни лица од разни институции и родителите на децата, со учество во многу културни и образовни манифестации и јавни и културни настапи на децата.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната **Програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за воспитната 2022/2023 година.**

**Петта точкаПредлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето;**

Точката ја образложи Ванчо Новоселски – Советник за образование кој рече дека Општина Делчево доделува 18 стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо“ од кои 8 (осум) стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето. Стипендиите ќе се доделуваат на редовни ученици од II, III и IV година со континуиран одличен успех од 4.50 до 5.00 кои во претходната учебна година освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари.Износот на месечната стипендија е 1500 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2022/2023 година.Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево за 2023 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека ставот на него и на советничката група на ВМРО ДПМНЕ е дека оваа сума од 1.500 денари е мала бидејќи се работи за талентирани ученици и треба да биде повисока. Тој предложи сумата да биде 2500 денари по ученик, а средствата да се обезбедат од ставката за репрезентации на градоначалникот во Програма Д0. Станува збор за сума од 72.000 денари и предлагам парите на граѓаните наместо да се трошат по кафаните да се наменат за талентираните ученици, рече Иван Гоцевски.

Претседателот на Советот реагираше во смисла советниците да внимаваат на својот речник и да користат соодветни зборови. Несекогаш средствата за репрезентации се користат „по кафаните“, често градоначалникот има гости (од Влада, министерства и др.институции).Во услови на економска и енергетска криза и финансиската ситуација на општината, оваа финансиска поддршка што ја дава Општината е во рамките на можностите на општината и сметам дека е

доволна, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски имаше реплика на дискусијата на претседателот на Советот и рече дека 1000 денари не е некоја голема сума ако се има предвид за што се се трошат буџетски пари. Репрезентациите се непродуктивни трошоци, а ги има во сите Програми и ако се скрати од секаде по малку, ќе се најдат средства за да се покачат стипендиите на учениците и студентите.

Претседателот на Советот рече дека не се работи само за 8 стипендии и сума од 72.000 денари бидејќи треба да се има предвид дека ако тука се покачи висината на стипендијата, ќе мора да се покачи и на другите категории на ученици и на студенти. Што се однесува до средствата за репрезентации, и птани и дневни трошоци, јас како претседател на Советот сум била досега на 5-6 обуки и тоа со сопствено возило на сопствен трошок и не сум земал ни патни ни дневни од Буџетот на Општина Делчево.

Сунчица Ѓорѓиева поднесе Извештај за работата на Комисијата за јавни дејности при што истакна дека Комисијата ги поддржала одлуките за стипендии со забелешка дека висината на сите стипендии треба да се зголеми.

Ванчо Новоселски рече дека Општина Делчево е општина која со години инвестира во образованието, и тоа доделува надомест за првачиња, стипендии на одлични ученици и студенти, стипендии на талентирани ученици и стипендии за најдобри матуранти, потоа стипендии на првенци на генерацијата. Во тој дел е многу понапред од други општини. Можеби сумата е мала, но е во рамките на финансиските можности на Општина Делчево, исто така Министерството за образование и наука на РСМ доделува стипендии и наши ученици и студенти аплицираат и на тој конкурс, така што сметам дека висината на стипендиите е во ред, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот ја затвори расправа по точката и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето;

<u>Шеста точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;</u>

И оваа точка ја образложи Ванчо Новоселски кој истакна дека оваа Одлука се однесува за доделување на 10 (десет) стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо“- Делчево.Стипендиите ќе се доделуваат на ученици од II, III и IV година со континуиран просечен одличен успех (од 4.50 до 5.00) и ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или, пак, социјални случаи.Износот на месечната стипендија е 1000 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2022/2023 година.Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево за 2023 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ предлага зголемување на износот и на овие стипендии од 1000 на 2000 денари, имајќи предвид дека се работи за ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или, пак, социјални случаи. Ве молам, мојот предлог да го ставите на гласање. Средствата од 90.000 да се обезбедаат од ставката за патни и дневни во Програмата Е0 Општинска администрација.

Кире Тренчевски имаше реплика на дискусијата на Иван Гоцевски и рече дека сите средства за стипендии на ученици и студенти ќе се исплатуваат од Буџетот за 2023 година. Советникот И.Гоцевски предлага да се обезбедат средства за зголемување на стипендиите од ставките за репрезентации и за патни и дневни. Можеби во Буџетот за 2023 година нема да има ставки за патни и дневни и затоа сметам дека Вашите предлози не се во ред, рече тој.

Контра реплика имаше И.Гоцевски кој рече дека го радува фактот од тоа како се одвива дискусијата, односно што советниците дебатираат за намалување на ставките за непродуктивните трошоци. Како советници треба да бидеме претпазливи во однос на тоа како ќе се креира Буџетот за 2023, рече тој.

Сашко Ивановски рече дека тие како советничка група бараат сега да се зголемат стипендиите бидејќи може да се случи потоа да се повикате дека огласот е завршен, Буџетот е донесен и нема услови за покачување на висината и зголемување на бројот на стипендии. Тоа се случувало и претходно, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека предлозите за покачување на висината на стипендиите со средства од ставките за репрезентации и патни и дневни од Ребалансот не се во ред бидејќи исплатата на сите стипендии ќе бидат од Буџетот во 2023 година. Но го радува фактот што советниците размислуваат рационално за парите на граѓаните и начинот на кој ќе се трошат нивните пари. Тој истакна дека се согласува со сите излагања на советниците, мора да се води ред за трошењето на парите на граѓаните, мора непродуктивните ставки да бидат сведени на минимум, а некои-патните и дневните укинати, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а на гласање беше ставен предлогот на Иван Гоцевски-за зголемување на стипендиите од 1000 на 2000 денари.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, истиот не беше прифатен.

На гласање беше ставена и Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

**Седма точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија;**

Во врска со оваа точка В.Новоселски истакна дека со оваа одлука се доделуваат 6 (шест) стипендии на редовни студенти од Делчево кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија на редовни студенти во сите студиски години освен I (прва), со континуиран успех над 8.00, студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања, или, пак социјални случаи.Износот на месечната стипендија е 2000 денари/студент и студентите истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на студиската 2022/2023 година, а средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека одлуките за доделување на стипендии се добар стимул за учениците и студентите и го праша образлагачот дали Општината размислува да стипендира дефицитарните кадри? Факт е дека веќе некое време недостасуваат одредени профили ( наставници по математика, физика), одредени стручни занимања и како пример ја истакна општина Македонска Каменица која вовела посебна нова струка во гимназијата и повеќе деца од Делчево се запишале во М.Каменица.

Ванчо Новоселски истакна дека проблемот со дефицитарните кадри не е само проблем во Делчево, тоа е проблем и на државно ниво и во блиска иднина ќе се соочиме со недостаток на кадар од повеќе области.

Дејан Георгиевски рече дека треба да се дискутира по дневниот ред, односно по одлуката, а сите прашања кои не се во врска со точките, да се поставаат како прашања и предлози на крајот на седницата.

Кирил Тренчевски рече дека дисусијата на Иван Гоцевски е во ред, но тоа прашање е во надлежност на државата.

Претседателот на Советот рече дека размислувањето на Иван Гоцевски е во правец Општината да доделува стипендии на студенти кои студираат на факултети од кои ние како општина имаме дефицит и тоа е сосема во ред и е има врска со точката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ија донесе Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија.

**Осма точка-Предлог-Одлука Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето;**

Образлагач и по оваа точка даде Ванчо Новоселски-Советник за образование и култура кој рече на оваа категорија студенти се доделуваат 4 (четири) стипендии на редовни студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето и тоа:

-за студенти на техничките факултети и медицински науки кои постигнале просечен успех од најмалку 8,00 и за студенти на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите кои постигнале просечен успех 9,00.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Војче Илиевски**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-209 од 15.02.2016 година, од страна на Војче Илиевски од с.Бигла - Делчево за бесправно изграден објект, Објект станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2308 КО Бигла запишана во имотен лист бр.611 и КП бр. 2307 КО Бигла запишана во имотен лист бр. 138 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат , станува збор за земјиште во приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Војче Илиевски;

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драган Стојковски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1514** од **29.08.2011** година, од страна на **Драган Стојковски ул.„Пијанечка бр.1“ - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 4067 КО Ѕвегор Вон Г.Р.** запишана во имотен лист бр.**494 и КП бр**. **4113/1 КО Ѕвегор Вон Г.Р.** запишана во имотен лист бр. **245** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат . Земјиштето е во приватна сопственост

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Драган Стојковски.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект**

**станбена куќа зграда бр.1 по барање на Перо Лазаровски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1651** од **31.08.2011** година, од страна на **Перо Лазаровски од ул.„Голачка" бр.бб - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 3047 КО Бигла** запишана во имотен лист бр.**159** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат . Земјиштето е приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Перо Лазаровски.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Стојан Стојчевски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-1103 од 25.08.2011 година, од страна на Стојан Стојчевски од с.Град - Делчево за бесправно изграден објект, Објект станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 6354 КО Град запишана во имотен лист бр.80 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Стојан Стојчевски.

**Тринаесетта точкаПредлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Ката Китановска;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. број уп I бр. 12-**30** од **24.12.2015** година, од страна на Ката Китановска од ул.„Браќа Миладинови" бр.88 - Делчево за бесправно изграден објект, Објект станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 2 изграден на КП бр. 7840 КО Драмче запишана во имотен лист бр.527 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно

изграден објект надвор од планси опфат објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Ката Китановска.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Ката Китановска**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. број уп I бр. 12-29 од 24.12.2015 година, од страна на Ката Китановска од ул.„Браќа Миладинови" бр.88-Делчево за бесправно изграден објект, Објект станбена куќа –зграда бр.1.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планси опфат објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Ката Китановска.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект –помошен објект зграда бр.1 по барање на Жикица Јовановски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект уп I бр. 12-279 од 11.07.2011 година, од страна на Жикица Јовановски од ул.„Вера Јоциќ" бр.30 - Делчево за бесправно изграден објект, Објект помошен објект – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 6046/1 КО Звегор запишана во имотен лист бр.279 и КП бр. 6046/2 КО Звегор запишана во имотен лист бр.245 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од планскi опфат објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Жикица Јовановски.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект –помошен објект зграда бр.2 по барање на Жикица Јовановски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект уп I бр. 12-279 од 11.07.2011 година, од страна на Жикица Јовановски од ул.„Вера Јоциќ" бр.30 - Делчево за бесправно изграден објект, Објект помошен објект – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 6046/1 КО Звегор запишана во имотен лист бр.279 и КП бр. 6046/2 КО Звегор запишана во имотен лист бр.245 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно

изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Жикица Јовановски.

**Седуманесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плансли опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Јордан Воинов;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека оваа одлука е за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**982** од **23.08.2011** година, од страна на **Јордан Воинов ул.„Острец бр.66“ - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 3156 КО Делчево** запишана во имотен лист бр.**10271 и КП бр. 3154 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **3602** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда бр.1 по барање на Јордан Воинов.

**Осумнаесетта точка-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделение за финансии, буџет и администрирање на даноци која истакна дека со Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на општина Делчево за 2022 година, извршени се измени и дополнување на буџетот на општината, односно извршено е незначително зголемување на буџетот и вкупниот буџет ќе изнесува 305.909.623 денари.Вкупните приходи во основниот буџет се зголемени за 3.446.000 денари или 3,5%. Зголемувањето на буџетот произлегува од зголемување на приходите од ДДВ, конто 741, за кои имаме информации дека за наредните месеци ќе бидат зголемени и зголемување на капиталните приходи конто 733, за кои имаме наше видување дека до крајот на годината ќе се зголеми наплатата на истите.Таа истакна дека во буџетот на самофинансирачки активности имаме намалување во планираните приходи и истиот изнесува 10.448.238 денари, буџетот на дотации останува ист и изнесува 182.945.807 денари, кај буџетот на донации има зголемување и истиот изнесува 7.402.578 денари и во буџетот на кредити има мало намалување и изнесува 4.550.000 денари.

Што се однесува до билансот на расходите, истиот изнесува 305.909.623 денари и износите се менуваат како што следува во Предлог-Одлуката за измени и дополнувања на буџетот за 2022 година.

При анализата на **основниот буџет** ќе видиме дека и билансот на расходите се зголемува исто така за 3.446.000 денари како и во билансот на приходи и истиот изнесува 100.563.000 денари.

Во расходниот дел има зголемување во делот на платите и надоместоци од плати, во износ од 1.763.200 денари, (меѓутоа ако се земе во предвид дека во пренамената од 8месец, имавме намалување на платите од Општ.администрација за да тие средства се префрлат за плаќање на ел.енергија кои недостасуваа поради покачувањето на цената на ел.енергија и дел за плата од нашиот буџет на ТППЕ, всушност ќе се види дека нема реално покачување на платите од планираниот износ со Буџетот за 2022 година.).

Во делот на стоки и услуги група 42, износот се зголемува за 5.452.910 денари.

Овде скоро секаде имаме зголемување освен на конто 424 каде имаме намалување на планираниот расход.

Имаме намалување и на групата 46 во износ од 702.000 денари.

Група 47 има намалување за 35.000 денари (новороденчиња и еднократна помош).

И на крајот на групата 48, конто 482- капитални расходи – има намалување за незначителен износ од 344.200 денари.

Во посебниот дел од буџетот се дадени сите измени и дополнувања по ставки, програми и потпрограми, доколку има прашања, повелете рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој ги информираше членовите на Советот дека на 26.10.2022 година имало седница на Комисијата за буџет, биле присутни сите членови на Комисијата, претседателот на советот и советничката Јасмина Ќурчиска. На седницата на Комисијата се развила широка дебата од страна на сите присутни, биле поставени повеќе прашања. Што се однесува до Измените и дополнувањата на Буџетот тој предложи средствата од 220.000 ставката 420 патни и дневни во програмата Е0 да бидат тргнати од Ребалансот да останат 120.000 како што биле планирани.

Анка Христова рече доколку советниците сакаат да ги тргнат тие средства мора да се измени одлуката за извршување на Буџетот за 2022 година.

Гоце Попов-претседателот на Советот побара одговор од образлагачот- колку досега се реализирани од планираните патни и дневни, процентуално колку граѓаните ќе одделат од нивните пари за патни и и дневни и зошто се покачува сумата за патни и дневни во услови на економска и енергетска криза?

Анка Христова рече дека средствата на таа ставка се покачуваат бидејќи се направени/извршени повеќе патувања.

Дејан Георгиевски праша дали средствата за зголемување на ставката 427 привремени вработувања-540.000 се за веќе ангажирани вработени или се планираат нови вработувања преку агенцијата за привремени вработувања?

Анка Христова рече дека тоа се за платите на веќе ангажираните лица преку АПВ.

Претседателот на Советот праша што доколку Рербалансот не биде донесен на оваа седница?

Образлагачот А.Христова рече дека крајниот рок за донесување на Ребалансот е 15 ноември.

Претседателот на Советот рече дека според него е нелогично да се зголемуваат средствата на ставките за непродуктивни трошоци (патни и дневни и привремени вработувања), а да се кратат нан ставката 463-трансфери до невладини организации и тоа да се намалуваат од 1 милион на само 370.000 денари. Ако се земе предвид дека Советот веќе има донесено одлуки за исплата на спортски клубови во висина над 300.000, значи останиваат само 70.000 денари. Од нив 170.000 се исплатени, другите не. Во што е проблемот што не се исплаќаат веќе одобрените средства на спортските клубови, дали станува збор за непочитување на одлуките на Советот од страна на Секторот за финансии или за немањето чувство за развојот на младите и спортот во општината? Според мене , средствата на ставката 463 треба да биде зголемена и ќе го предложам тиа, рече Г.Попов.

Анка Христова рече дека буџетот и ребалансот се изготвуваат врз основа на предлог на градоначалникот, а што се однесува до неисплатата на средства донесени со одлуки на Советот,

таа рече дека за да се исплатата средства по одлука на Совет, не е доволна само одлуката, мора да има решение, кое се изготвува од страна на Одделението за правни и општи работи. Штом во Одделението за финансиски прашања стигне Решение од градоначалникот, тоа се исплатува, во Одделението нема неисплатено решение, рече таа.

Зекир Абдулов се јави за збор и рече дека во врска со таа ставка и состојбата со невладините организации се дискутирало досега неколку пати, ама за жал, нема никаков ефект. Прво не ми е јасно зошто таа ставка е насловена трансфер до невладини организации кога невладините организации во општината од таа ставка не добиле ниту денар или некоја незначителна сума на средства. Повеќе се доделуваат на спортски клубови и тоа само врз основа на поднесено гарање, без никаков извештај или програма, дали има реализирано проекти и слично што не е во ред. Во една прилика поставив и советничко прашања и добив само устен одговор дека ќе се земе предвид тоа. Многу работи не се во ред, потребни се критериуми и методологија врз основа на која ќе се доделуваат средствата на невладините организации. Во иднина, јас  како член на Советот, можеби и нема да дадам поддршка на одлуки на Совет за доделување на финансиски средства без покритие. Се случува на некои спортски клубови да се доделуваат и по два-три пати средства само врз основа на доставено барање. Ќе се залагам ставката да се зголеми, ама средствата да се доделуваат правилно врз основа на некои критериуми  и врз основа на доставени извештаи за реализирани активност/проекти, рече З.Абдулов.

Сашко Ивановски праша од каде се средствата во висина од 1.423.000 од донации во Програма Јавно осветлување? Што со разликата во средствата, ако се земе предвид дека за јавно осветлување во услови на 100% наплата се прибираат околу 9 милиони денари, а уличното осветлување на годишно ниво е 7.235.500 денари и дали не треба да се намали висината на комуналната такса за јавно осветлување?

Анка Христова рече дека наплатата на таксата за улично осветлување никогаш не е 100%, се движи од 80 до 90%, за поточни информации советникот да постави советничко прашања.Исто така не се знае колкава ќе биде цената на електричната енергија, тоа има големо влијание, а средствата од 1.423.000 во делот на  донации, се средства -грант кои се добиени од кредитот преку МСИП 2 за успешно реализиран проект за замена на улични светилки. Проектот ќе се реализира до крајот на годината и ќе бидат заменети учични сијалици во Први реон, Расадник, селата Драмче и Стар и Нов Истевник.

Иван Гоцевски рече дека внимателно ја слушал А.Христова и дека во врска со зголемувањето на ставката за плати и надоместоци од 29.501.700 на 31.264.900 не се за зголемување на платите, ако  е така дали разликата од 1.763.200 се за нови вработувања, праша тој?

Анка Христова рече на една претходна седница Советот донел Одлука за пренамена на средства во Буџетот за 2022 година која се однесувала на пренамена на средства од ставката за плати и надоместоци на ставката за електрична енергија и биле околу 2 милиони денари. Таа разлика за која зборува советникот Иван се однесува токму на тие средства, значи не се за нови вработувања и не се за покачување на платите на вработените, дури има и мало намалување на таа ставка, рече таа.

Гоце Попов-претседател на Советот праша кои трошоци спашаат во ставката 425 договорни услуги Програма Г1, колкава е рализацијата на претходно планираните средства 1.260.000 бидејќи со ребалансот се планира зголемување на 1.715.000?

А.Христова рече дека  тука се средства за вработените ангажирани во проектот Јавни работи, потоа судски вештачења, судски такси, урбанистичко планирање и консултанстски услуги и штом се зголемува сумата, сигурно е натрлена планираната сума.

Претседателот на Советот, Гоце Попов побара дали може да добие одговор за процентот на реализација на ставките 420 (патни и дневни), 425 (договорни услуги) и 463 (трансфери до невладини организациии) досега?

Анка Христова рече дека во моментот не ме да даде одговор на тие прашања.

Претседателот на Советот ја праша дали доколку тој даде пауза ќе може да ги добие одговорите на поставените прашања, на што таа одговори дека не може бидејќи и раководителот на Секторот и благајничката биле на годишен одмор, по што претседателот на Советот ја прекина седницата во 13.00 часот и рече дека советниците ќе бидат известени за продолжението на седницата.

*************

***Продолжението на 15.седница беше закажано за 02.11.2022 година со почеток во 08:00 часот.***

На седницата беа присутни 14 членови на Советот, а оправдано отсутен беше Тони Стаменковски.

Воведен збор имаше претседателот на Советот кој рече дека 15.седница која се одржа на 28.10 била прекината на точката-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година бидејќи раководителката не можела да даде одговор на некои прашања. Во меѓувреме информациите се добиени и затоа за денеска е закажано продолжението на 15. Седница.

Анка Христова рече дека имало предлози од страна на советниците за зголемување на ставката 463, односно за зголемување на износот на трансфери до невладини организации за 230.000 денари, а во исто време да се намалат дел од дневниците на општинската администрација за 30.000 ден., дел од 425 други договорни услуги програма Г1 за 30.000 ден., програма Ј6 други материјали 150.000 денари и други расходи 426 програма Х1 во износ од 20.000 денари.

Одлуката е донесена, измените ќе бидат вметнати во ребалансот, и така донесениот ребаланс претставува нов буџет за 2022 година, кој ќе се применува до крајот на годината, рече таа.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека на ставката 420 патни и дневни во Програмата Е0 биле планирани 120.000 а со ребалансот се предвидува зголемување на 220.000 денари. Бидејќи досега се потрошени 105.000, а за исплата остануваат уште 65.000 (СЕ ВКУПНО 170.000 денари), предлагам од 220.000 да се намалат на 190.000 и тие 30.000 денари да бидат исклучиво потрошени за патни трошоци и барам мојот предлог да биде ставен на гласање, рече тој.

Претседателот на Советот, Гоце Попов, предложи да се зголемат средствата на ставката 463-трансфери до невладини организации од 370.000 на 600.000 денари и тоа: дел од 425 други договорни услуги програма Г1 за 30.000 ден., програма Ј6 други материјали 150.000 денари, 30.000 денари од Е0 и други расходи 426 програма Х1 во износ од 20.000 денари. Предлогот е да се даде поголема поддршка на невладините организации, развојот на младите и спортот во општина Делчево, рече тој.

Зекир Абдулов реагираше дека досега средствата предвидени за трансфери до невладини организации била несразмерно распределена, односно 80% од предвидените средства биле исплатени на спортски клубови, додека, пак на невладинивите организации не биле исплатени воопшто бидејќи оваа година (2022) не бил објавен јавен повик. Исто така, според него, не е во ред на истата ставка (трансфери до невладини организации) да бидат предвидени средствата за невладини организации и за спортските здруженија, односно спортските клубови. Доколку е така дефинирана самата ставка, тогаш во ред, но да се внимава при распределбата на средствата во идниот буџет, можеби треба да се направи класификација, поделнба на средствата, од вкупната сума-колку се за невладини организации, колку за спортсјки здруженија. Според него, доделувањето на средства со одлука на Совет без објавување на јавен

повик, доделување на средства само врз основа на барања (на некои и по двапати) е лоша пракса рече тој.

Претседателот на Советот рече дека според него решение на проблемот е објавување на јавен конкурс и рамномерна распределба на средствата, согласно доставена соодветна документација (извештаи, програми).

Иван Гоцевски рече дека точно буџетот т ребалансот се изготвуваат врз основа на предлог на градоначалникот и администрацијата, но тоа не значи дека Советот мора да го усвои тоа по секоја цена. Советот може, односно има право да даде и свои предлози за начинот и условите под кои ќе се трошат парите на граѓаните. Односот на општината и општинската администрација е селективен во однос на прашањата што ги поставуваат советниците и одговорите што ги добиваат. Ова го потенцира бидејќи на 27.10.2022 година побарал писмен одговор на неколку прашања кои му биле важни, а биле поврзани со ребалансот, но нема добиено одговор. Прашањата биле аналитика на ставката 426 други тековни расходи и колкав е износот на средства предвидени за репрезентации во сите програми. Со тоа му е ускратено личното право да учествува во расправата за ребалансот и рече дека ќе гласа против Измените и дополнувањата на буџетот, рече И.Гоцевски.

Шабан Багашов рече дека  е точно оти на 27.10.2022 година имал добиено прашања, но тој бил на годишен одмор и е несериозно еден ден пред седница да се поставуваат прашања, но на советникот ќе му биде одговорено на прашањата.

Претседателот на Советот рече дека рокот предвиден во Деловникот од 10 дена е разумен одговор во кој надлежните од администрацијата имаат доволно време за доставување на одговор на советничките прашања.Неприкосновео право на  советниците е да добијат одговори на своите прашања, но исто така да разберат дека за да се дадат одговори на нивните прашања, во зависност од прашањето, можеби е потребно и повеќе време и затоа во Деловникот тој рок е 10 дена. За таа цел на денешната седница се присутни и секретарот самите раководители, се со цел советниците да добијат одговори од прва рака на своите прашања и таа пракса ќе продолжи.

Иван Гоцевски рече дека Деловникот предвидува 10 дена одговор за советнички прашања, а 7 дена за достава на материјалите за седница. Можеби треба да биде и рокот за одговорот на прашањата 7 дена, рече тој. Раководителот на Секторот за финансии рече дека била на одмор, можно е, но не е само Секторот за финансии, одговори нема и од ЈКП „Брегалница“ и од градоначалникот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и на гласање беше ставен предлогот на Кирил Тренчевски и тоа:

***Средствата на ставка 420, Програма Е0 ,од 220.000 да се намалат на 190.000 и тие 30.000 денари да бидат исклучиво потрошени за патни трошоци на општинската администрација.***

Со 8 гласа „ЗА и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот беше прифатен.

На гласање беше ставен и предлогот на Гоце Попов и тоа:

***Да се зголемат средствата на  ставката 463-трансфери до невладини организации од 370.000 на 600.000 денари и тоа: дел од 425 други договорни услуги програма Г1 за 30.000 ден., програма Ј6 други материјали 150.000 денари, 30.000 денари од Е0  и други расходи 426 програма Х1 во износ од 20.000 денари.***

Со 8 гласа „ЗА и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот беше прифатен.

На гласање беа ставени Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година со двата предлога.

Со 8 гласа „ЗА и 6 „ВОЗДРЖАНИ“,Советот на Општина Делчево ги донесе Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година со двата предлога.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на КК „Патриот 2016“-Делчево;**

Образлагач по точката поднесе Гоце Попов кој рече дека

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Ванчо Илиевски од Делчево;**

Претседателот на Советот рече дека до Советот е доставено барање со медицинска документација од Ванчо Илиевски кој бара финансиски средства поради лоша финансиска и здравствена состојба. Тој предложи 10.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Ванчо Илиевски од Делчево.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Витора Трајановска од с.Вирче;**

Образлагач и по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека лицето Витора Трајановска од Вирче има поднесено Барање УП1 21-298 од 13.10.2022 година, за лекување. Во прилог на барањето има доставено и медицинска документација о дкоја се гледа дека има извршено оперативен зафат и има потреба од продолжување со терапија. Беше предложена сума од 10.000 денари како финансиска помош за Битора Трајановска.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Витора Трајановска.

**Дваесет и втора точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

Кирил Тренчевски, до Секторот за финансиски прашања и Одделението за прави и општи работи и јавни дејности, **предлог:**

1.За наредна седница на Советот на Општина Делчево, да се изготви измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година бр.09-2536 од 28.12.2021, односно да се избршите членот 15 од истата одлука кој се однесува на патните и дневните трошоци.

Оливера Ташевска, до директорката на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

1.Дали после немилиот настан (колење на јагниња во дворот на градинката) е извршен инспекциски надзор од надлежните служби, дали е утврдена одговорност и која е санкцијата доколку ја има? Барам писмен одговор и во прилог на истиот да ми се достави и фотокопија од сите пропратни инспекциски документи.

2. Дали во детската градинка директорката на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево во изминатиов период има реализирано некое вработување согласно измените на Годишниот план за вработување кои беа изгласани од страна на Советот на Општина Делчево?

До Градоначалникот на Општина Делчево

1.Дали Градоначалникот има информации дали регионалните патни правци за с. Габрово и с. Разловци се влезени во реконструкција во Програмата за 2022/2023 на Министерството за транспорт и врски или Јавното претпријатие за државни патишта?

2.Дали Градоначалникот на Општина Делчево во изминатиов период има реализирано некое вработување согласно измените на Годишниот план за вработување кои беа изгласани од страна на Советот на Општина Делчево?

До директорот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево

1. Дали директорот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево во изминатиов период има реализирано некое вработување согласно измените на Годишниот план за вработување кои беа изгласани од страна на Советот на Општина Делчево?

Стефанија Атанасова Јовановски, до Директорот на ЈКП „Брегалница"-Делчево
1.Дали се точни информациите кои пристигнаа до мене лично од група граѓани дека сте ја злоупотребил службената положба и овластување ангажирајќи вработени од ЈКП „Брегалница"-Делчево за време на работното време со цел да работат на уредување на Вашето дворно место поплочувајќи го со бекатон?
2.Дали е точно дека материјалите кои се користени за изведување на овие дејства се исто така злоупотребени како ресурси на ЈКП „Брегалница"-Делчево?
Ако овие информации не се точни бидејќи се работи за кривично дело, Ве молам Вие како лице кое извршува јавна функција да бидете транспарентен и писмено да ми одговорите кои лица ги ангажирате за изведување на Вашето дворно, од каде ги купивте материјалите кои се вградени. Ова го бараме за да се тргне сомнежот на оваа група граѓани од Вас.
До Градоначалникот на Општина Делчево

1.Иако јавно добив одговор, сепак барам писмен одговор-дали Општината има удел во изградбата на градската фонтана, со колкава сума и колку вкупно чини таа вклучувајќи ја и проектната документација, надзорот и изградбата на истата. Прашањето го поставувам бидејќи на трибината на СДМ во Делчево, градоначалникот јавно истакнал дека истата е изградена само со средства од донации.

Шабан Багашов рече дека фонтаната чини 3 милиони денари, од кои 1 милион е од донации, а 2 милиона од Општина Делчево.
Сашко Ивановски, до Градоначалникот на Општина Делчево
1.Дали постои одлука или некој друг документ врз основа на кој има рестрикција на уличното осветлување во Делчево, ако постои кој орган ја донел и потпишал, бидејќи Советот не донел ваква одлука и колку средства месечно се прибираат по основ на улично осветлување?
2.Патот до Градската депонија има видно оштетување од неколку метри и сметам дека ќе има трајно оштетување доколку не се санира навреме. Предлагам, доколку има можности, да се санира во најскоро време.
Иван Гоцевски, До Градоначалникот на Општина Делчево ,
1.До крајот на ноември да се изврши тампонирање на патот од Filиско маало до регионалниот пат Делчево-М.Каменица во должина од 2 км, бидејќи е во лоша состојба и е единствена врска на луѓето кои живеат во Филиско маало, Драмче и Вратиславци со Делчево и со М.Каменица. од група граѓани
2.Да се предвидат средства за санација на покривот на Спомен-домот АСНОМ во Делчево бидејќи истиот е во очајна состојба, а тука се сместени Општина Делчево, ЈЛБ „Илинден", НУЦК „Н.Ј.Вапцаров", локалниот музеј, кафичи и ресторани. Ова го предлагам од причини што Спомен домот АСНОМ е репрезентативен објект изграден одамна во време на СФРЈ и препознатлив објект за Делчево и од особена важност за сите граѓани на Делчево.
3.До каде е постапката за изградба на скејт парк кој беше ветен во предизборната Програма за локалните избори 2021 година?
Звонко Атанасов рече дека за скејт паркот од Агенцијата за млади и спорт се обезбедени 2,5 милиони денари, склучен е договор за кофинансирање, но на тендерот цената за кофинансирање се покачи, а има и најава од Агенцијата за млади и спорт за зголемување на донацијата.
4. До каде е постапката за водоснабдување на Голак-проект кој исто така беше ветен во Вашата предизборна Програма?
5.Бевме сведоци на раскопани тротоари и улици при поставување на електричен кабел од страна на ЕВН? Сега се санирани, кој е одговорен за неквалитетната санација и дали некој ќе сноси одговорност?
Во врска со 4. прашање Звонко Атанасов рече дека за Голак беше ветена изработка на проект за водоснабдување, самиот проект ен нарачан за изработка, со средства од Источен п-лански регион.

За 5. прашање исто така одговор даде Звонко Атанасов кој рече дека негова претпоставка е дека ЕВН ја правел санацијата.

6. Многу граѓани од Милково Брдо реагираат дека им се јавило оштетување на куќите (пукање на ѕидовите) од активностите кои се изведуваат при дислокација на депонијата. Оштетувања имаат луѓето кои живеат на улица „Браќа Миладиновци“ (првиот ред). Кој е надлежен за тоа и кој ќе сноси одговорност за оштетувањето на куќите на луѓето? од група граѓани

Прашање до директорката на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

1. За кои договорни услуги потрошивте 926.271 денари од самофинансиурачките активности во 2021 година за сите 4 квартали, а 1.246.556 од тековната 2022 само за два квартали заклучно со 30.06.2022 година? Имате значително зголемување на оваа ставка во споредба со фискалната 2021 година и затоа барам од Вас да ми се достави целокупната документација врз основа на која се исплатени овие парични средства (од парите на граѓаните на општина Делчево кои плаќаат за згрижување на своте деца), за цела 2021 година и за 2022 година заклучно со 30.06.2022 година

2.По основ на стоки и услуги од самофинансирачките активности за цела 2021 година имате потрошено 3.585.879 денари, а за тековната 2022 година заклучно со 30.06.2022 година, за 2 квартали имате потрошено 3.115.868 денари, значи има пораст и на овие тековно-оперативни трошоци.

На што се должи ова зголемување и да ми се достави копија од целокупната финансиска документација врз основа на која се исплатени овие парични средства за цела 2021 и за 2022 заклучно со вториот квартал?

3.Барам да ми се достави извештај колку деца биле згрижени заклучно со 31.12.2021, колку заклучно со 30.06.2021 и колку заклучно со 30.06.2022 година.

Прашање до директорот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево

1.До каде е решавањето на проблемот на децата/учениците од с.Илиово бидејќи истите деца превозникот не ги зема од селото и родителите мораат да ги носат до регионалниот пат. Што е предвидено со јавната набавка за организирање на превозот на учениците и кои се обврските на превозникот?

Зекир Абдулов, до директорот на ЈКП „Брегалница“ од група граѓани

1.На ул.„Брегалничка“ ( на потегот од кладенецот до мостето во Пустевски ендек) работено е на мрежа за одведување на отпадни води (канализација) и се направени некои оштетувања на мрежата при што нема одведување на отпадните води. Кој ги изведува работите и зошто нема одведување на отпадните води?

Марјанчо Велиновски, до ЈКП „Брегалница“-Делчево

1.Зошто во Централното градско подрачје кантите за отпадоци (кои се испокршени и нефункционални) не се заменети со нови. Луѓето нема каде да ги фрлаат отпадоците.

До Директорката на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево

1.Зошто во спортската сала е дозволено организирање на политичка трибина на СДСМ и покрај тоа што тоа е забрането со Закон, поточно член 7 од Законот за средно образование каде е јасно дефинирано дека: „Во средното училиште е забрането секакво политичко и верско организирање и дејствување.“

Гоце Попов, до Сектор за урбанизам

1.Пред 2 месеци до Секторот за урбанизам е доставено барање од страна на жители од с.Трабонтивиште во врска со оштетувањата на патот, објектите и дворните огради од камиони кои натоварени со дрва редовно поминуваат. Зошто се уште нема одговор и кој е надлежен за поставувањето на знакот за забрана за движење на товарни возила? Потребна е побрза реакција за да не дојде до поголеми оштетувања на патот и на куќите на луѓето, рече тој.

Звонко Атанасов рече дека на ова прашање е изготвен одговор и истото е препратено до Јавното претпријатие за државни патишта бидејќи е во нивна надлежност.

До Градоначалник, Сектор за финансии, Сектор за урбанизам

1.Пред околу 5 месеци беше организирана средба за заживување на Голак на која имаше доставено околу 20 проектни идеи од кои како поважни се издовоени 6 идеи. Во септември месец од моја страна беше доставена Иницијатива до градоначалникот, Секторот за финансии и Секторот за урбанизам од причини што согласно одредбите од Деловникот советникот ја доставува Иницијативата до претседателот на Советот, а тој, пак, ја препратува до градоначалникот за мислење. Бидејќи тие 6 идеи за заживување на Голак задираат во Буџетот на Општина Делчево (за секоја е изготвена и финансиска конструкција), Иницијативата е доставена до Секторот за финансии. До Секторот за урбанизам е доставена од причини што за нивната реализација подразбира вметнување во Програмата за уредување на градежно земјиште и Програмата за поставување на урбана опрема.
Зошто нема никаков одговор по оваа Иницијатива, дали воопшто е разгледана и до каде е постапката?
Шабан Багашов рече дека на ова прашање одговор треба да даде Градоначачникот.
2.На 09.11.2021 година од моја страна е доставено барање до Секторот за урбанизам за доставување на сите решенија, заклучоци за прекин на постапката и одбиените одобренија за градење за 2020 и 2021 година .Ова барање е поднесено согласно одредбите од Деловникот , поточно член 26 кој се однесува на обезбедување на услови за вршење на функцијата член на Советот и правота да побара од општинската администрација дополнителни документи. Со недоставувањето на овие акти и документи, ми е ускратено тоа право.Затоа барам истите да ми бидат доставени.

Во врска со ова прашање одговор даде Звонко Атанасов кој рече дека почнал да работи на истото барање, но бидејќи се бараат повеќе информации, потребно е и повеќе време. Податоците за 2020 се извадени, ама не се доставени.

Претседателот на Советот праша дали раководителот се уште ги собира информациите па не му се доставени или се работи за потценувачки однос кон претседателот на Советот и член на Советот или лично .

Звонко Атанасов рече дека нема потценувачки однос, едноставно е заборавено.

<u>До Градоначалникот и Секторот за финансии</u>

1. Зошто ФК „Брегалница“ и покрај донесената одлука од страна на Советот е оставен без финансиски средства од страна на Општината, односно зошто не е испочитувана Одлуката на Советот, кои се причините за тоа?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 15.седница со продолжение, заврши со работа во 10.00 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов